РЕЗИМЕ ОД ПРАШАЛНИКОТ ВО ОДНОС НА УПОТРЕБАТА НА ПРОСЕЧНИ КАЛКУЛАЦИИ ПО КУЛТУРИ И ИЗВЕШТАЈ ЗА ЦЕЛА ФАРМА, ДОСТАВЕНИ ДО ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ-УЧЕСНИЦИ ВО ФМС

Повратен одговор од фармерот:

Квалитет на презентацијата во однос на обезбедените податоци–

- Прегледни се и извештајот и калкулацијата, извештајот може да се подобри
- Треба објаснување од советникот што значат вредностите
- Добар квалитет на извештајот и калкулацијата
- Фармерот води сопствена евиденција на приходи и трошоци во тетратка
- Извештајот и калкулацијата се поклопуваат со податоците од терен

Можност за донесување деловни одлуки за фармата -

- Преку извештајот се воочува продуктивноста на трудот
- Временските прилики се многу важни, затоа е добра споредба и по години
- Извештајот и калкулацијата даваат добри можности за оценување на профитабилноста на културите/линиите на производство
- Може да се увиди дека цените најмногу влијаат на профитабилноста
- Многу корисен, особено за изработка на бизнис план
- Јасно му е дека се наоѓа во средните 50%, иако остварил висок принос и добил добра цена во 2008 година - трошоците за пченица се повисоки бидејќи користи арско ѓубриво (заради плодоред, пиперка). Семе користи повеќе (30 кг/ха) бидејќи сее подоцна (почеток на ноември). Свесен е дека затоа му се повисоки трошоците и цената на чинење.
- Може да ги спореди своите резултати со другите; на пример, гледа дека иако спаѓа во нависоките 25% во однос на висината на бруто маржата, цената на чинење му е пониска, што укажува на успешно производство
- Приносот на пченица ќе се зголеми ако се употреби сертифицирано семе
- Почвата мора два пати длабоко да се ора, се трошат 2,5 л нафта/хектар, затоа тие трошоци се високи во споредба со другите
- Секој треба да води математика; фармерот сам си ги бележи трошоците и приходите
- Фармерот си води сопствена евиденција во тетратки, и на тој начин ги оценува и споредува сортите на фармите (го следи приносот на дневно ниво) и одлучува што и кога да сади во следната сезона. Од извештајот и калкулацијата може да ја види вкупната бруто маржа по култура
- Фармерот има проблем со штетници и прекината берба; семето му е значителен трошок – што се забележува од калкулацијата, но објасни поради ниската ‘ртливост

Корист од деловно планирање на фарма –

- Корист во смисла да може се позиционира фармата (да знаеш каде си)
- Добро би било да има просечна калкулација за тритикале – сугестија да се вклучи тритикале како култура во системот, наместо други житни
- Преку призма на парите се гледа успешноста на производството
- Има корист, за анализа на успехот на фармата
- Има корист, ќе биде корисно при апликација за помош, на пр. ИПАРД
- Има корист, за споредба со другите фармери (451)
- Мора да користи житни култури за плодоред. Оваа година цената за пченица е 7.5 денари/кг, значи со минатогодишните трошоци не би можел да ја покрие
- Извештајот дава претстава за успехот на фармата, а калкулацијата за споредба со другите
- Планира колку пари му се потребни за следната година, изваштајот може да служи за добра ориентација
- Фармерот е ориентиран строго кон комерцијално производство и воведува иновации, изрази желба за повеќе информации и едукација, но пред се од областа на технологија на производството

Повратен одговор на советникот:

Квалитет на печатената верзија кај презентацијата –

- Запазени се сите ставки, извештајот и калкулацијата ги содржат сите потребно елементи
- Бројките треба да бидат заокружени, децимали само кај хектарите и цените на производите
- Извештајот е читлив, би било корисно ако може да се зголемат бројките
- Не е толку сигурен дека фармерот ќе донесе одлуки за производната структура (директно). Можностите за откуп ја одредуваат произв. структура, како и плодоредот
- Евентуално може да се прават просечни калкулации на ниво на работна единица и на ниви на регион, за некои карактеристични производи
- За земјоделци со пониско ниво на образование, извештајот и калкулациите може да изгледаат комплицирано
- Ако се претстават податоците графички, во форма на пита – за учеството на трошоците на конкретниот фармер изразено во % или со столбови – за споредба на најуспешните, средните и најнеуспешните производители на културата. Така презентацијата може да биде поочигледна и полесна за објаснување
- Извештајот и калкулацијата се поклопуваат со податоците од терен
- Лесно се објаснуваат на фармерот
- Извештајот дава комплетна слика за приходите и трошоците на стопанството и е доволен за повеќето производители; за некои производители може да се дава и деталниот извештај

Релевантност за донесувањето одлуки од страна на земјоделецот –

- Да, релевантни се извештаите и калкулацијата, најважно е податоците од фармерот да се точни
- Целосната соработка со фармерот е многу важна, ФМС е дел од соработката
- Добар приказ на инпут/аутпут односи
- Ги потврдува резултатите од производството
- Советникот забележа дека трошоците за најмена механизација кај фармерот се многу високи, но затоа нема сопствена механизација. Во споредба со просеците од другите фарми кои имаат пченица, вкупните трошоци за механизација му се двојно повисоки (сепак треба да се зема предвид дека тие што имаат сопствена механизација имаат трошоци за амортизација и одржување)
- Извештајот и калкулацијата се релевантни при донесување на одлуки
- Советникот не е толку сигурен дека анализата на приходите и трошоците е релевантна за донесување на одлуки, бидејќи на крајот откупот одредува дали и колкав приход ќе се оствари
- Може да советува што да намали или зголеми, како резултат на споредба со просекот, најуспешните и најнеуспешните производители
- Трошоците за заштита треба да се следат (превентивно делување)
- Советникот советува сертифицирано семе за зголемување на приносот на пченица
- Фармерот сака да го прошири производството, па извештајот и калкулацијата му даваат претстава за трошоците и приходите по хектар
- Советникот предлага алтернативни култури (на пример индустриска пиперка под пластеник, бидејќи на отворено е изложена на штетници и болести), која може да се спореди со калкулацијата за да се видат дополнителните или намалените приходи и трошоци

Корист од планирање презентации за земјоделците –

- Да, има корист, како советници мора да користат и агроекономски аспекти
- Корист при планирање на сорта и за плодоред
- Ако земјоделецот не е многу образуван, советникот може да му објасни
- Сите советници во агенцијата треба да имаат основно познавање од областа на менаџментот и анализата на успехот на фармата
- Треба да се размисли алтернативна култура и начини за намалување на трошоците,

советникот има улога при препораката за нова култура
- Фармерите немаат искуство во однос на деловно планирање
- Деловно планирање е задолжително – фармерот мора да ги планира трошоците и приходите

Можност за искористување кај другите земјоделци кои што не користат ФМС–

- Најефикасен начин за пренесување на искуството од ФМС е преку комуникација меѓу самите земјоделци
- Соседите ќе сакаат да знаат зошто сме биле кај фармерот и ако ги видат извештаите и калкулациите ќе сфатат дека ФМС е корисна алатка
- Добра подлога за изработка на инвестициона програма/бизнис план
- Организирање на средби со други фармери кои не се во ФМС
- При помошта за апликација за субвенции, советникот полесно може да помогне ако има претходни податоци од фармерот
- Извештајот и калкулацијата нудат можност за оценување на исплатливоста на бизнисот

Повратен одговор на координаторот за ФМС:

Квалитет на презентација од страна на советник за земјоделец–

- Советникот навреме ги прибирал податоците и ги внесувал во системот
- Односот советник-фармер е коректен, фармерот е запознаен со извештаите, уредно му се доставени
- Советникот добро и совесно го претстави материјалот
- Коментарите генерално се однесуваат на сите фарми

Релевантност на коментарите за потребите на земјоделците да донесат одлуки за промена на технологијата –

- Да, има корист, како советници мора да користат и агроекономски аспекти
- Корист при планирање на сорта и за плодоред
- Од извештајот се гледа дека цената на млекото во 2008 година била 21 денари/л, додека цената во моментот е околу 16 денари/л, што ќе влијае негативно на приходот и бруто маржата во 2009 година

Релевантност на коментарите за потребите на земјоделците да донесат деловни одлуки (пример)

- Добро би било да има просечна калкулација за тритикале – сугестија да се вклучи тритикале како култура во системот, наместо други житни
- Мора да се размисли како да се внесат меѓупосевите со системот – предлог како 2ра култура, пример пченка-грав
- Напомена дека фиксните трошоци не се вклучени во калкулацијата и дека полната цена на чинење ќе биде повисока
- Можност за парцијална калкулација при планирање на алтернативна култура

Можност за искористување кај другите земјоделци кои што не користат ФМС –

- Ја поддржува идејата на советникот дека извештаите може да придонесат при изборот на култура и плодоред
- Мора да се користи можноста за пренесување од човек на човек
- Го поддржува ставот на советникот дека афирмацијата на ФМС најбрзо се шири меѓу фармерите
- Сигурно има примена како појдовен материјал при изработка на бизнис план, особено со постоечките национални програми и претстојните ЕУ фондови
- Искуството покажува дека некои банки го признаваат извештајот како релевантен документ
- Можност да се даде позаокружен совет, не само во однос на технологијата на производство

- Другите фармери би сакале да учествуваат; извештаите се користат за изработка на бизнис план (за рур разјој) а сигурно ќе се користат и за ИПАРД програмата. Исто корисно и за пред банки (искуство со Тутунска банка).
- Подобрување на услугите што ги нуди АПРЗ, не само технолошки совет, туку и менаџмент совет
- Да се поттикне бележењето на приходите и трошоците во фармерска книга или тетратка, за да советниците потоа може полесно и врз база на евиденција да дојдат до точни податоци
- Преку вкучување во ФМС производителот добива можност за поефикасен менаџмент и управување на фарма, за зголемување на профитабилноста и за споредбена анализа